**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 13.02.2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 1151 | 1 | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизиски програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво Телевизија КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 4 февруари 2015 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 12 февруари 2015 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100, 101 и 103 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);

   - **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи** („Службен весник на Република Македонија" бр.201/14);

   - **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);

   - **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);

   - **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија" бр. 185/14);

   - **Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување игри на среќа).

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ Канал 5 ДООЕЛ Скопје, емитуван на 4 февруари 2015 година, **е констатирано прекршување на член 55 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (*Во програмите кои содржат пласирање производи треба да биде јасно означено дека се работи за програма во која има пласирање производи. Овие програми мора да бидат соодветно означени на почетокот и на крајот на програмата и при продолжување на програмата по секоја пауза за рекламирање, со цел да се избегне забуна кај гледачите*).

Во изданието од 4 февруари 2015 година, на „Ѕвездите на Гранд", реалното-шоу конципирано како натпревар меѓу анонимни изведувачи со талент за музика, во просторот зад сцената од каде што се презентираат кандидатите, се појавува банер за електронските цигари „***e-Feel***". За време на сценскиот настап, во кадрите што ја прикажуваат жири – комисијата, се појавуваат и брендираните шишиња на пијалакот „***Tiki drink***".

Исто така, во изданието од 4 февруари 2015 година, на програмата „Ѕвездите на Гранд - специјал", што е комплементарен дел од целата концепција на споменатото музичко-реално шоу, одредени елементи од сценографијата видливо ги прикажуваат заштитните знаци на: „***Yumis супи***", „***Femisan A***" и „***Venogel***".

| **Наслов на емисија** | **Датум на емитување** | **Период на емитување** | | **Опис на прекршувањето** |
|---|---|---|---|---|
| | | **Почеток** | **Крај** | |
| „Ѕвездите на Гранд" - реално шоу | 4.02.2015 Премиера | 00:18:49 | 01:24:10 | Не е јасно означено дека програмите содржат пласирање производи.<br><br>Во „Ѕвездите на Гранд" е истакнат заштитниот знак на електронските цигари - „***e-Feel***" и се појавуваат шишиња од пијалакот „***Tiki drink***", а во „Ѕвездите на Гранд – специјал", видливо се прикажани заштитните знаци на: „***Yumis супи***", „***Femisan A***" и „***Venogel***". |
| „Ѕвездите на Гранд" - специјал<br><br>музичко-забавна програма | 4.02.2015 Премиера | 16:56:13 | 17:52:35 | |

Во точка 26 од Упатството за примена на одредбите за пласирање производи е утврден начинот на означување на програмите во кои се користи комерцијалната комуникација „пласирање производи", односно изгледот на логото и содржината на текстот што треба да се аплицираат на ТВ екранот. Додека во точка 29 од Упатството е јасно потенцирано дека доколку давателот на аудиовизуелна медиумска услуга емитува странска програма во која се пласирани производи, но тоа не е означено, заради заштита на своите корисници е должен да ги означи пласираните производи, без оглед што нема финансиски интерес од него.

8. **Опис на прекршувањето:**

Спротивно на **член 55 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, на програмскиот сервис на ТРД ТВ Канал 5 ДООЕЛ Скопје, емитуван на 4 февруари 2015 година, во програмите „Ѕвездите на Гранд" и „Ѕвездите на Гранд - специјал" не е јасно означено пласирањето производи.

9. **Предлог мерка:**

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговско радиодифузно друштво Телевизија Канал 5 ДООЕЛ Скопје; и
- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***